

Сакам јавно да го демантирам текстот објавен од страна на порталот ako.mk https://ako.mk/%D0%BE%
каде на почетокот стои моето име како еден од основачите на ВМРО-ДПМНЕ кој дава подршка на претстојниот референдум

Јас не сум помеѓу потпишаните на ова писмо, туку моето име е само уфрлено во текстот на самиот почеток и затоа барам од порталот да го корегира текстот така што ќе го избрише моето име.

Веќе подолг период како еден од основачите на ВМРО-ДПМНЕ јавно го истакнувам својот став за бојкот на претстојниот референдум, како единствен спас за зачувување на македонската нација и идентитет.

Речиси половина век од мојот живот го посветив на македонската кауза и создавање на независна македонска држава со свој идентитет, јазик и институции.

Многу пати сме читале во историјта колку македонскиот народ бил предаден и продаден заради лични интереси, од внатрешни предавници и колку пати нашата татковина била фрлена на колена, но сепак секогаш станувала цврсто на нозе!

Додека сум жив и додека ме држи здравиот разум, никогаш и по никоја цена нема да поддржам било што, што може да и наштети на нашата држава и нација.

***Бојкотирам Референдум!***